ПО УЧЕСТВОТО НА ДИМИТРОВА НА ИЗЛОЖБА ВО БРУКЛИН



# Дело над идеолошките поплаки

Инсталацијата „Танатометаморфозис" на македонската мултимедијална уметница Искра Димитрова, која беше изложена на постановката „Глобални феминизми" во Бруклинскиот музеј во Њујорк, беше забележана во повеќе американски медиуми.

"Њујорк сан", пишувајќи за оваа постановка со која се промовираше центарот за феминистичка уметност во Бруклинскиот музеј, ја одбележува оваа ес-еф скулптура во контекстот на изложбата која го испитува меѓусебното влијание на идентитетот и женскоста наспрема уметничката работа.

"Не можам да кажам дека мојот идентитет како жена е директен предмет на моето дело", вели Димитрова, објаснувајќи го проектот, кој е метафора на храброста да се спротивставиме на своите стравови, па и на оние за сопственото исчезнување.

Вакви ставови критичарот на „Њујорк сан" пронаоѓа и кај другите уметници, учеснички на оваа изложба, кои не се фокусираат на својата женскост, но не се ни обидуваат да побегнат од женската перцепција која влијае во обликувањето на нивните естетски ставови и методи.

"Делото на Димитрова, отпечаток од нејзиното тело, кое рее во затемнетиот, со гласови исполнет простор, се крева над идеолошките поплаки", пишува њујоршки „Сити журнал", пренесувајќи ја атмосферата од изложбата „Глобални феминизми".

"Уште едно моќно дело е Танатаметаморфоза на Димитрова, дело што го испитува исчезнувањето, поставено во мрачна празна тишина, со остар мирис на смртта, придружен со тивка бучава како да е човечкото тело декомпонирано назад во водата од која излегува", се вели во осврттот за „Глобални феминизми".

Бруклинскиот музеј е еден од најзначајните музеи за современа уметност во светот. Концептот на постановката „Глобални феминизми" го осмислија историчарките на уметноста Мора Рејли и Линда Нохлин, а изборот на уметничките го направија по повеќегодишно глобално истражување на сите континенти.

Делото „Папочна врвка" на Искра Димитрова, изложено на постановката „Зрачења" во скопскиот Музеј на современата уметност, а потоа и во Минхен, Белград, Токио и во Стокхолм, им оставило голем впечаток. По внимателното истражување на веб-страницата на Димитрова, тие се определуваат за инсталацијата „Танатометаморфозис", изведена во 1997 година во МСУ на самостојната изложба на авторката, насловена „Мементо мори".

Проектот се усредоточува на различните аспекти на смртта, на нашата фобија и, воопшто, на одбивањето да се соочиме со неонтолошкото. На мегаизложбата во Бруклинскиот музеј учествуваа влијателни светски уметнички од сите континенти како Џуди ?икаго, Пипилоти Рист, Ширин Нешат, Катрин Опи, Гада Амер и др. ❑